Врз основа на член 8, став 4 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани а неплатени обврски (Сл. Весник на РМ бр. 209/2018) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје бр. 8/2005 и Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06 и бр. 15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Дваесет и четвртата пленарна седница, одржана на 12 април 2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## за одобрување на Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски до 30.09.2018 година

### Член 1

Со оваа Одлука се одобрува Извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски пријавени во Електронскиот систем за пријавување на евиденција на обврските (ЕСПЕО) до 30.09.2018 година, а кои се финансирани од доделените средства од државниот буџет.

### Член 2

Општина Кисела Вода заклучно со 30.09.2018 година во ЕСПЕО има пријавено, доспеани, а неплатени обврски во износ од 127.027.735,00 денари.
Како финансиска поддршка за раздолжување на обврските од ставот 1 на овој член, од државниот Буџет на РМ на Општина Кисела Вода се доделени 64.784.145,00 денари кои се уплатени на посебна наменска сметка на општината на 30.11.2018 година.

### Член 3

По завршувањето на јавниот повик за преговарање се пријавени вкупно 37, од кој приоритет за исплата добија 28 доверители кои се наведени во Извештајот изготвен на пропишан образец од Министерството за финансии на РМ, кој е составен дел од Извештајот.

### Член 4

Доверителите кои имаат извршни исправи се обврзуваат истите да ги повлечат по донесување на оваа одлука, а пред да се изврши исплата на долгот.

### Член 5

Составен дел на оваа Одлука претставува Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски до 30.09.2018 година.

Член 6

Одлуката со Извештајот да биде објавена на Веб страната на Општина Кисела Вода.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-3037/5
12 април 2019 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ

ДН/РД